МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11-2642/1
Датум: 29.03.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 21.03.2022 година на ул."Његошева" делот кон зградите на бул."Партизански Одреди" по барање на Инвеститорот "А1 Македонија" ДООЕЛ Скопје од Скопје за санација на подземна кабелска инфраструктура.За санација на подземна кабелска инфраструктура потребен е зафат во должина од 185м1 на територија на Општина Карпош на тревна подлога на делот кон зградите на бул."Партизански Одреди" .

Санацијата на подземната кабелска инфраструктура да се изведе според технички прописи и стандардни нормативи за изведување на ваков вид на инсталации и да се изврши обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.

Ровот од тревна подлога да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави хумус и завршно да се затреви ровот. Делот кај постоечките патеки од павер елементи да се помине по пат на бушење.

Врз основа на податоците на терен и добиените графички прилози за кабловската мрежа на горенаведената локација, извршена е проверка на должината дека истата изнесува 185m1 ( тревна подлога) .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за тревна подлога да уплати износ од 17.464,00 денари со вклучено ДДВ на име на неповратни средства за изведување на подземни инсталации.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски